*Александар ПАВЛЕСКИ*

***УДК: 316.485.6***
***005.334.2:005.59(100)***
Прегледен труд

# КОН ОДРЖЛИВИ КОНФЛИКТНИ РЕШЕНИЈА: ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ

***Кратка содржина:***

*Предвидувањата и очекувањата за помирољубиви, побезбедни и кооперативни односи во меѓународниот систем со почетокот на XXI век, за жал не се остварија. Имено, и денес сме сведоци на бројни насилни внатрешни, но и конфликти помеѓу држави, чиешто решавање и разрешување не е ниту на повидок. Оттука, неминовно се наметнува дилемата за апликативноста, ефикасноста и одржливоста на постоечките пристапи за справување со конфликтите, т.е. дали истите нудат прифатлива платформа за креирање реални решенија, а во таа насока, кои се и главните предизвици на овој план. Во тој контекст, целта на анализата во трудот е истражување на можните одговори на посочената дилема. За таа цел, фокусот е конкретно ставен на анализа на постоечките предизвици од односот теорија - практика и од излезните решенија врз апликативноста и одржливоста на инструментите и методите на пристапите за решавање и за разрешување на конфликти.*

***Клучни зборови:*** *конфликт, решавање, разрешување, предизвици, решенија.*

**Вовед**

Прашањето за ефикасноста и одржливоста на пристапите за справување со конфликтите е многу сложено, што се должи не само на сложената природа на општествените и на современите конфликти, туку и на самите терминолошки разлики и нејаснотии во нивното истражување и разбирање. Во оваа насока, чести се примерите во кои решавањето и разрешувањето на конфликти се идентификуваат и разбираат низ призмата на еден заеднички пристап. Конкретно, станува збор за сфаќање кое е најчесто присутно кај практичарите или донесувачите на одлуки и кај претставниците на политичките елити, често поради нивното ограничено терминолошко познавање на теориските достигнувања во оваа област.

Од друга страна, во теоријата за менаџирање и справување со конфликтите, развиени се ставови и разбирања според кои постои јасна разлика, како во однос на целите, така и во однос на методите и инструментите кои се применуваат како дел од пристапите за решавање и за разрешување на конфликтите. Оттука, во теоријата постои јасна дистинкција помеѓу идентификуваните пристапи во оваа област.

На пример, Болдинг го квалификува решавањето конфликти како поткатегорија на процесот за разрешување на конфликти (Боулдинг, 2018). Со други зборови, тоа значи дека неопходно е прво решавање на конфликтот, а дури потоа, негово разрешување. Вообичаено, ваквото разбирање е прифатливо и апликативно кога станува збор за насилни конфликти, во рамките на чие менаџирање, решавањето на конфликтот би било насочено кон запирање на директното (вооружено) насилство, а разрешувањето кон трансформација и елиминирање на конфликтните потенцијали, преку активности за решавање на вистинските причини и проблеми кои го иницирале конфликтот.

Спротивно, во ситуации на ненасилни конфликти, т.е. онаму каде насилството не ескалирало, решавањето на конфликтот според посоченото разбирање би било насочено кон постигнување договор помеѓу конфликтните страни, а разрешувањето на конфликтот кон неопходните активности за имплементација на тој договор.

Според Бартон, постои јасна разлика помеѓу пристапите за решавање и за разрешување на конфликти. Имено, решавањето на конфликтот според него, подразбира постигнување конечно решение, кое го носи неоспорен орган, односно арбитер (суд, трето лице) и кое е обврзувачко за сите страни во конфликтот. Од друга страна пак, разрешувањето на конфликтот подразбира слободен меѓусебен договор и постигнување конечно решение помеѓу спротивставените страни, што подразбира и редефинирање на нивните меѓусебни односи (Burton, 1969).

Произлегува дека решавањето на конфликтот според Бартон, е присилна стратегија, која вообичаено ја применува трета страна (медијација, арбитража и сл.), додека разрешувањето на конфликтот е

неприсилна стратегија, чија реализација и примена директно се определува со иницијатива и вклучување на самите спротивставени или конфликтни страни. Сепак, тука се јавува дилемата за факторите и тригерите кои би продуцирале таква автохтона иницијатива, како и за одговорите и решенијата во ситуации на нејзино отсуство.

Всушност, наспроти посочените јасни теориски дистинкции и сфаќања за различните пристапи во справувањето со конфликтите, сепак, нивната апликативност, ефикасност и одржливост, често пати е доведена во прашање во практиката. Бројни примери го потврдуваат тоа, меѓу другите, вклучително и актуелните настани во Украина, потоа во појасот Газа, како и односите помеѓу Кина и Тајван, Србија и Косово и сл. Имено, во однос на првиот пример евидентно е дека цели две години по руската инвазија на Украина (24.2.2022), решението на актуелниот конфликт не е ниту на повидок, напротив присутно е влошување на конфликтната ситуација, дури и со повремени изјави за можна употреба и на нуклеарно оружје. Од аспект на пристапите за справување со конфликтите, слична е и ситуацијата во Газа, каде официјалните израелски претставници сметаат дека решението на актуелниот проблем може да се постигне само преку конечна воена победа против Хамас, занемарувајќи ги притоа последиците кои ги предизвикуваат со ваквиот пристап.

Од друга страна пак, овој, како и преостанатите два посочени примери, можат да се анализираат и од аспект на недоволниот пробив и слабата апликативност на пристапот за разрешување на конфликти.

Како резултат на овие, но и на бројни други актуелни и минати примери, произлегува дека или теоријата сѐ уште нема идентификувано вистински и применливи пристапи за справување со конфликти, посебно за нивно решавање и разрешување, или пак дека нивната апликативност е оневозможена или ограничена од одредени предизвици, вклучувајќи ја и самата подготвеност и посветеност на практичарите за нивна примена. Третата алтернатива на оваа дилема, би била поврзана со перцепцијата дека дефицитот на овој план е присутен и кај теоријата и кај практиката.

Оттука, во рамките на овој труд фокусот на истражување е насочен кон анализа на дел од конкретните предизвици кои ја ограничуваат апликативноста и ефикасноста, пред сѐ на пристапите за решавање и за разрешување на конфликтите. За таа цел, вниманието на почетокот е ставено на теориските аспекти на овие два пристапи, а потоа подетално се анализираат импликациите од односот теорија - практика и од можните излезни конфликтни решенија, врз апликативноста и ефикасноста на двата пристапи.

## Решавање и разрешување на конфликти – теориски аспекти

Теоријата за управување со конфликти, препознава неколку клучни стратегии и пристапи за справување и трансформирање на конфликтите.

Како такви, посебно се нагласуваат: 1) избегнување на конфликтот; 2) превенција на конфликтот; 3) решавање (изгладнување) на конфликот; и 4) разрешување на конфликтот. Постојат неколку суштински разлики во однос на посочените стратегии и пристапи, кои конкретно се однесуваат на следново:

- во однос на кои елементи од конфликтот се презема стратегијата (дали кон конфликтното однесување, или кон конфликтните ставови и перцепции);
- во однос на која фаза од конфликтот се интервенира (латентна или манифестна);
- во однос на различните резултати или излезни решенија на преземените стратегии (победа-победа, победа-губи, губи-губи) (Георгиева, 2007).

Во тој контекст, решавањето на конфликтот, најчесто се разбира и се дефинира како: состојба на постигнување одредено компромисно решение кое ги надминува разликите и кое им овозможува на двете страни да реализираат некои од целите, дури и на нееднаква основа (Mitchell, 1981). Всушност, стратегиите и пристапите за решавање конфликти се обидуваат да ги запрат непријателствата изразени како вооружена борба или насилство и да воспостават компромисно решение. Тоа значи дека фокусот на активностите е ставен на објективните аспекти на конфликтот, бидејќи процедурите за решавање на конфликтот во најголем дел се принудни, од причина што само тие можат во најдобар случај, да понудат компромис кој ќе ги насочи конфликтните страни кон прекин на насилството. Принудата во такви ситуации значи дека конфликтните страни мора да се откажат од некои свои цели, а во интерес на стопирањето на насилството.

Сепак, актуелните настани во Украина и во Газа, потврдуваат дека ваквиот пристап има ограничена апликативност во конкретни ситуации, пред сè од аспект на моќта (посебно нуклеарната) на едната или на двете конфликтни страни. Имено, сведоци сме дека принудата, генерално манифестирана преку: санкции, замрзнување на финансиски средства, изјави за осуда на високи државни и меѓународни претставници, активности и одлуки на Меѓународниот суд на правдата и сл., не иницираа запирање на насилството.

Од друга страна, разрешувањето на конфликтот во голема мера претставува неприсилна стратегија насочена кон воспоставување на долгорочен прекин на насилството во рамки кои се прифатливи за сите страни вклучени во конфликтот. Оттука, фокусот на разрешувањето на конфликтот е насочен и кон неговите субјективни аспекти, односно кон неговите базични причини. Генерално, во теоријата препознаени се два можни видови на разрешување на конфликтите: вистинско и привидно разрешување.

Вистинското разрешување на конфликтот подразбира целосно отстранување на причините кои довеле до конфликт меѓу страните.

Тоа се постигнува преку соработка, што значи дека наместо да тргне од претпоставката дека ќе мора да се откажат од нешто, конфликтните страни го ставаат фокусот на соработката, обидувајќи се да идентификуваат начин или начини преку кои може да се реши проблемот, а со тоа и двете страни да имаат добивки. Оттука, во таква ситуација, конфликтот не се доживува и перципира како проблем на една од конфликтните страни, туку истиот се перципира како заеднички проблем на двете страни.

Од друга страна, привидното разрешавање на конфликтот најчесто се постигнува на начин што конфликтните страни се откажуваат од дел од своите барања како појдовна точка за прекин на насилството или непријателството и во насока на повторно воспоставување на темелите на мирот. Всушност, ова откажување од одредени барања во контекст на конфликтното разрешување познато е и како компромис. Значи, наместо да се фокусира само на добивката на едната страна во конфликтот наспроти загубата на другата страна, со компромисот, секоја страна делумно победува и делумно губи.

Несомнено е дека ваквиот пристап за разрешување конфликти е применлив само во конкретни конфликтни ситуации, особено од аспект на потребата да се запре насилството или непријателството. Во таа насока, сузбивањето и отстранувањето на директното насилство од процесот на разрешување на конфликтот, познато е како „цивилизирање на конфликтот“. Притоа, ненасилното односно цивилизирано разрешување на конфликтот е можно само доколку спротивставените или конфликтните страни се договорат за одредени правила и се придржуваат до истите, со што би се иницирало т.н. канализирање на конфликтот и спречување на неговиот натамошен интензитет и ескалација.

Сепак, доколку фокусот остане само на овој пристап, тогаш дефинитивно се доведува во прашање ефикасноста на целиот процес на конфликтното разрешување. Во тој случај, резултатот би бил поблизок до целите на претходно посочениот пристап за решавање на конфликтите. Имено, досегашното искуство во управувањето со конфликтите, покажува дека најчесто процесите за решавање и разрешување конфликти се насочени кон оваа форма на насилство, обидувајќи се да го запрат или потиснат, било преку употреба на закана за употреба на сила или преку постигнување на одреден политички договор, т.е. компромис.

Од друга страна, несомнено е дека отсуството на дополнителни напори и активности за менаџирање и отстранување на базичните и субјективни причини за конфликтот, ќе претставува солидна основа за негово повторно појавување. Оттука, неопходно е разрешувањето на конфликтите да се прифати и сфати како долгорочна и сеопфатна стратегија насочена кон елиминирање на основните и базични причини за конфликтот, преку широк опсег на активности, како што се: разоружување, дијалог меѓу конфликтните страни, соработка, соочување со вистината за минато (која може да биде и болна), помирување, враќање на довербата,

враќање на бегалците, реализација на потребните реформи итн., како и преку вклучување на бројни актери (државни и недржавни) од сите општествени сфери во реализацијата на овој процес.

**Пристапи за надминување на конфликтите низ призмата на односот теорија – практика: предизвици и дилеми**

Првиот предизвик во однос на обезбедувањето реални и одржливи решенија и опции во рамките на пристапите за справување со конфликтите, посебно во однос на решавањето и разрешувањето на конфликтите, поврзан е со постоечкиот јаз помеѓу теоријата и практиката во однос на ова прашање. Имено, досегашното искуство во оваа област, потврдува постоење на разлика помеѓу она што го презентираат претставниците на научната сфера и она што практичарите прават на терен, т.е. во реалните ситуации. Оттука, неминовно се јавува дилемата за врската помеѓу теоријата и практиката и за нејзиното влијание во овој контекст.

Одговорот на оваа дилема, може да се анализира од два аспекти. Според првиот аспект, произлегува дека наспроти теоријата, практиката доминира или го има главното влијание во процесите за справување со конфликтите. Со други зборови, практичарите, најчесто политичките претставници како на конфликтните страни, така и на медијаторската страна, се јавуваат како главни актери во овие процеси, почнувајќи од фазата на преговори, па сè до фазата на трансформација и разрешување на конкретен конфликт. Од една страна, ваквата нивна улога е разбирлива и прифатлива со оглед на политичкиот легитимитет, одговорноста и обврските кои ги имаат за менаџирање и решавање на општествените и државните проблеми и отворени прашања, вклучувајќи ги и конфликтите. Сепак, од друга страна тука неминовно се наметнува прашањето за степенот на нивните поседувачки вештини и капацитети за успешно дејствување во вакви ситуации, а во таа насока и за нивната подготвеност за консултации и прифаќање на предлози од претставници на научната сфера, посебно кога станува збор за процесите поврзани со менаџирање, решавање, трансформација и разрешување на конфликти. Во овој контекст, доколку алтернативите и решенијата кои ги нудат практичарите не се базираат на широка и длабока консултација со теоријата, истите не само што се соочени со неуспех, туку можат да иницираат и директна, лична одговорност за нивните креатори.

Доминацијата на овој пристап, подразбира дека теоретичарите се во пасивна положба, т.е. дека само го бележат она што практичарите или донесувачите на одлуки го прават во реалниот свет, вклучувајќи ги и нивните погрешни или недоволно ефикасни инструменти и решенија во однос на конкретни проблеми и прашања. При вакви ситуации, секако дека претставниците на научната сфера не треба да молчат и да не ги критикуваат погрешните одлуки и решенија, притоа, истовремено

посочувајќи поприфатливи и одржливи решенија. Притоа, возможни се две сценарија од нивната реакција: 1) прифаќање и имплементирање на нивните предлози и коментари, и 2) нивно неприфаќање. Доколку успехот и одржливоста на предложените решенија и пристапи се потврдени во теоријата, а истите поради различни причини не се прифаќаат и имплементираат од практичарите, тогаш и дефинитивно пристапите на практичарите се соочени со неуспех. Ако ваквиот пристап е присутен во процесите за решавање и разрешување на конфликтите, несомнено е дека тој ќе иницира дополнителен предизвик за нивната успешност и последици.

Во контекст на ваквиот однос, практика наспроти теорија, Banks, смета дека на теоријата не ѝ преостанува ништо друго освен да го бележи она што се случува, да го сортира по обрасци и кога ќе се напрви истрага, да биде подготвена да пријави и објасни што се случува во светот (Banks, 1986). Во суштина, според него станува збор за позитивистички поглед на односот помеѓу теоријата и практиката, во чии рамки теоретичаорт има емпириска улога преку објективните и видливи аспекти да креира слика за реалноста, избегнувајќи ги притоа субјективните аспекти, желби и предрасуди, кои пак од своја страна имаат сериозно влијание врз конфликтните динамики.

Наспроти ваквата објективистичко-позитивистичка позиција, е вториот аспект на одговорот за посочената дилема за врската помеѓу теоријата и практиката. Во рамките на овој аспект, доминантен е аргументот дека луѓето самите прават своја историја и дека тоа го прават врз основа на идеи и страсти, т.е. врз основа на нивните идеологии, нивните вредности, нивните системи на верување, и врз основа на теориите кои ги имаат за причината и за последицата. Оттука, луѓето во политиката или претставниците на различните општествени, етнички и др. групи, се во процес на меѓусебно убедување за прифатливите решенија во однос на конкретни отворени прашања или проблеми, врз основа на нивната припадност и поврзаност со претходно посочените аспекти. Banks, ваквиот пристап го смета за субјективистички бидејќи во негови рамки теоријата не проучува и анализира што луѓето, групите или државите прават, туку фокусот е ставен на проучување на она што овие актери мислат дека го прават, што е секако многу потешка задача (Banks, 1986). Како резултат на ваквиот пристап, теоретичарот има многу поактивна улога бидејќи неговиот фокус е на идеите, а не на институциите и на политиките, па оттука тој станува активен учесник во креирањето и менаџирањето на општествените процеси, вклучувајќи ги и процесите за решавање и разрешување на конфликтите.

**Предизвици поврзани со излезните решенија од конфликтот**

Теоријата, препознава три можни сценарија во однос на излезните решенија од конфликтот, и тоа: добива-губи, губи-губи и добива-добива. Од овој аспект, несомнено е дека победата вообичаено претставува главната цел на вклучените конфликтни страни. Конкретно, значењето на победата, главно се поврзува со нужноста за зачувување или за остварување на интересите и амбициите на страните. Во овој контекст, досегашното искуство од односите помеѓу државите, како и помеѓу групите со различни вредности, интереси и позиции, потврдува дека до одреден степен, победата во конфликтот или спорот, станува цел сама по себе. Имено, самата природа на конкурентските односи помеѓу различните актери, најчесто се базира на принципот: победа-загуба. Токму ваквото сфаќање на победата, претставува сериозен предизвик за ефикасноста и успешноста на пристапите за справување со конфликтите, посебно на решавањето и на разрешувањето на конфликтите.

Имено, во ситуации во кои конфликтните страни ја перципираат победата како единствена можна цел, т.е. „или ние, или тие", нејзиното непостигнување иницира директно „губење на образот", како и губење на важни вредности и интереси за една од конфликтните страни. Значи, наспроти интересите и аспирациите на конфликтните страни за постигнување победа, токму нејзиното непостигнување ќе претставува значаен фактор за развој на негативни емоции кај губитничката страна. Дополнително, развиените негативни емоции, можат да претставуваат сериозен тригер за манифестација на неприфатливо и непријателско однесување кај губитничката страна, кое директно ќе ги загрози придобивките на т.н. „победничко излезно решение" од конфликтот.

Значи, самата победа за една од конфликтните страни, се соочува со дополнителни предизвици во постконфликтната фаза. Конкретно, како во личните, така и во групните односи, може да се издвојува „воена" или „невоена" победа во конфликтот, но како резултат на истата, сепак да се загубат идните меѓусебни односи помеѓу конфликтните страни. На пример, отсуството или ерозијата на меѓусебната доверба, почит и добра волја во меѓународните односи, директно може да се поврзе и со ограничувањето на можностите за постигнување на прифатливно ниво на безбедност, како заемна потреба на сите актери во меѓународниот систем.

Оттука, неопходно е во рамките на пристапите за справување со конфликтите да постои развиена свест за значењето и на субјективните и нематеријални аспекти во овие процеси, посебно во однос на прашањето за нивното влијание и неутрализирање на добивките од постигнатото решение. Во суштина, станува збор за емоционални состојби поврзани со чувствата за понижување, неправда, несигурност, недоверба, омраза и сл.

Главниот парадоксален предизвик во овој контекст е фактот дека интересите, потребите и вредностите, по својата природа иницираат т.н.

победнички конфликтни ситуации и конфликти, но сепак, истовремено победата сама по себе може биде опасна по нејзините последици, посебно ако победата на едната конфликтна страна, иницира продлабочување на: меѓусебната недоверба, непочитувањето, понижувањето, неправдата и сл.

Оттука, неминовно се наметнува дилемата дали ваквите негативни последици од победата можат да се избегнат? Според Burton, тоа би можело да се постигне преку креирање на победнички решенија, односно на договори кои на вклучените конфликтни страни би им го дале она што го бараат (Burton, 1986). Таквото решение би требало да ги вклучува нивните интереси и цели, но исто така и статусот и задоволството од победата. Сепак, тука дополнително се наметнува прашањето за тоа дали е навистина можно вакво решение и како истото да се постигне?

Во теоријата за справување со конфликтите, присутно е сфаќањето дека иако вакво решение не е лесно, истото е сепак возможно, посебно во ситуации во кои конфликтите се поради определени објективни и материјални причини, т.е. кога истите се поради пристапот и искористувањето на конкретен ресурс: територија, вода, суровини и сл. Во овој контекст, Burton, смета дека победнички излезни решенија од конфликтот се возможни, само доколку тие овозможат задоволително споделување на конкретниот ресурс помеѓу конфликтните страни (Burton, 1986). Меѓутоа, тука секако се наметнува дилемата за големината, т.е. за обемот и достапноста на конкретниот ресурс. Со други зборови, дали неговиот конкретен обем или резерви можат адекватно да ги задоволат потребите и целите и очекувањата на конфликтните страни.

Од друга страна, постои сериозен предизвик за постигнувањето на вакво „победничко" решение во конфликти поради нематеријални причини, на пример, поради: суверенитет, идентитет и сл. Тоа од причина што станува збор за прашања за кои излезните решенија најчесто се разбираат низ призмата на тезата: „или ние или тие", т.е. или имам целосен суверенитет, или го немам, или сум победник, или ја продолжувам борбата до победа во моја полза.

Како резултат на посочените ситуации и дилеми, пристапите за решавање и за разрешување на конфликтите, соочени се со сериозни предизвици за детектирање и креирање на најприфатливите применливи методи, инструменти и техники на овој план.

Во оваа насока треба да се истакне дека досегашното искуство на пристапите за справување со конфликти, покажува дека посочените предизвици се посебно присутни во рамките на пристапот за разрешување на конфликтите. Имено, во рамките на пристапот за решавање на конфликтите, теоријата и практиката јасно ги имаат идентификувано применливите инструменти на овој план. Како што беше претходно посочено, најчесто станува збор за: судските спогодби, арбитражата, медијацијата и директното преговарање, кои ја одразуваат примената на правните и на општествените норми во решавањето на конфликтот.

Од друга страна, кај разрешувањето на конфликтите карактеристично е отуството или дефицитот на вакви конкретни институционални механизми во однос на ова прашање. Како резултат на тоа, од терминолошки аспект овој процес често се поврзува со т.н. „решавање на проблеми" и „работилници". Сепак, наспроти присутната институционална претстава за решавањето на конфликтите преку јасната слика за судот, медијаторот или за преговарачката маса, несомнено е отсуството на таква слика за институција или тело кое преку суштинско решавање на проблемите, иницира и разрешување на конфликтот.

Сепак, овој институционален дефицит во рамките на разрешувањето на конфликтите, не го намалува значањето на неговите терминолошки синоними. Имено, решавањето на проблемите и работилниците, неминовно се потребни во постконфликтната фаза, од причина што како што покажува досегашната практика, проблемот или проблемите во односите помеѓу конфликтните страни, остануваат и по постигнувањето на конечено решение или договор. Всушност, споредено со претходниот пристап за решавање на конфликтите, со разрешувањето на конфликти на сцена стапува период на транзиција од една главна насока, кон друга, т.е. од преговори и договори за прекин на насилство, од постигнување решение со посредство на трета страна, кон анализа, откривање на вистинските причини за развој на конфликтните потенцијали, откривање на вистинските проблеми и изнаоѓање на нивни решенија.

Станува збор за долгорочен и предизвикувачки процес за идентификување на опција или опции кои ќе ги задоволат интересите и потребите на сите страни. Притоа, значајно е да се има предвид дека во оваа фаза сè уште се присутни различни интереси и амбиции специфични за секоја од конфликтните страни. Оттука, неопходна е поделба на конфликтот на неговите составни делови за да може суштински да се анализира и дефинира вкупната ситуација.

Затоа, решавањето на проблемите и работилниците како составни компоненти на разрешувањето на конфликти, мораат да се базираат на истражувања, анализи и аналитичка работа, а не само на едноставни процеси на договарање. Само во тој случај може да се истакне дека вниманието и активностите се насочени кон вистинско решавање на суштинските проблеми за конкретен конфликт.

За жал досегашната практика во трансформацијата и разрешувањето на конфликтите, покажува дека посоченото значење на „решавањето на проблемите", не е доволно препознаето и аплицирано од практичарите, т.е. најчесто од претставниците на политичките елити на конфликтните страни. Вообичаено, вложената енергија во фазата на решавање на конфликтот, се намалува во постконфликтната фаза, кога е потребно решавање на вистинските (објективни и субјективни) проблеми и причини за конфликтот.

На пример, решавањето на проблемите кои го иницираа конфликтот во 2001 во Македонија, беше и сè уште е во доменот на директните преговори и договори помеѓу претставниците на македонската и на албанската политичка елита. Како резултат на тоа, честопати во јавниот дискурс присутни се различни сфаќања и толкувања не само за степенот на имплементација на Охридскиот рамковен договор со кој се стави крај на насилството, туку и за потребата од негово апдејтирање или пак за креирање нова платформа за дополнително регулирање на односите помеѓу етничките заедници во државата. Во оваа насока, наместо фокусот во изминатиот предизборен период (март-април, 2024) да биде ставен на нудењето вистински и одржливи решенија за суштинските и објективни проблеми за сите граѓани, како што се: сиромаштијата, невработеноста, иселувањето, корупцијата, недовербата во судските институции, адекватната достапност до медицинските услуги, загадувањето на животната средина и сл., токму прашањето за евентуалните уставни промени, вклучувајќи го и барањето за ново уставното регулирање на употребата на албанскиот јазик како втор официјален јазик во државата, во голема мера го обремени јавниот дискурс и релациите помеѓу претставниците на македонските и на албанските политички партии.

Овој пример, потврдува дека соочувањето со вистинските и суштински проблеми во постконфликтната фаза, претставува предизвикувачки процес, посебно за донесувачите на одлуки и за претставниците на политичките елити, чијшто евентуален неуспех на овој план поради различни причини (од отсуство на политичка волја, до отсуство на вештини и капацитети), најчесто се балансира со отворање на нови (политички) прашања и насочување на вниманието кон барање и нудење решенија за истите. Секако дека примената на ваквиот пристап, директно ги лимитира очекуваните позитивни резултати од вистинското разрешување на конфликтите.

**Заклучок**

Анализата во трудот, нужно води кон неколку клучни констатации во однос на предизвиците и дилемите поврзани со апликативноста, ефикасноста и одржливоста на пристапите за справување со конфликтите, посебно на пристапите за нивно решавање и разрешување.

Како прво, неспорно е дека наспроти позитивните очекувања и верувања за постабилен, побезбеден и помирен свет во новиот милениум, сепак и ден денес постојат бројни (насилни) конфликти во и помеѓу државите. Ова говори дека светот за жал сè уште ја нема суштински препознаено значајноста на пораката на Ганди, дека ненасилството е најголемата сила со која располага човештвото.

Второ, небезбедното опкружување директно ја иницира потребата за дизајнирање и развој на пристапи и инструменти кои ќе понудат реални и одржливи одговори на заканите и ризиците по мирот и безбедноста. Токму од овој контекст, произлегуваат суштината и значењето на решавањето и на разрешувањето на конфликтите, како пристапи насочени кон креирање на помирно и побезбедно опкружување на локално, национално, регионално и на меѓународно ниво. Секако, тоа не значи дека отсуствува историска генеза и развиена свест за значајноста на дел од инструментите и методите, посебно во рамките на пристапот за решавање на конфликти. Во оваа насока, почнувајќи од втората половина на XX век, евидентно е значајно збогатување, како на теоријата, така и на практиката со мисли, идеи и активности за успешно справување со конфликтите. Имено, последователно со промовирањето на концептите за позитивен и негативен мир (J. Галтунг) и за проширување и продлабочување на безбедноста (Копенхагенска школа), во теоријата се промовираат и концептите за: превенција, решавање и разрешување на конфликти, чијашто актуелност посебно доаѓа до израз по крајот на Студената војна.

Оттука, произлегува и третата констатација во трудот, која конкретно се однесува на релацијата помеѓу теоријата и практиката како сериозен предизвик за апликативноста на посочените пристапи. Имено, наспроти разбирањата и одговорите кои ги нуди теоријата во однос на потребата и на можностите за справување со конфликтите, сепак, сè уште сме сведоци на постоењето на активни (насилни) конфликти, чие надминување (решавање и разрешување), не е ниту на повидок. Како резултат на тоа, неминовно се јавува дилемата за лоцираноста на проблемот, т.е. дали истиот е во рамки на теоријата, или во рамки на практиката? Со други зборови, дали теоријата навистина може да понуди квалитетни и апликативни решенија и одговори на актуелните настани, или пак, дали практичарите (поради различни причини) не ги применуваат понудените теориски решенија во реалниот живот. Анализата во трудот ја потврдува потребата за натамошно унапредување и јакнење на оваа врска, теорија-практика, во насока за

постигнување дополнителен квалитет, апликативност, но и поуспешна примена на постоечките излезни решенија од конфликтот.

Од овој контекст, произлегува и четвртата констатација во трудот, која потврдува дека постоечките дизајнирани излезни решенија, сами по себе претставуваат сериозен предизвик за постконфликтната фаза и за резултатите на пристапот за разрешување на конфликтите. Тука, анализата во трудот се согласува со констатацијата дека во свет на компетитивни односи помеѓу актерите на сите нивоа (од локално до меѓународно), победата станува цел сама по себе. Сепак, како што покажува анализата, кај актерите често отсуствува свеста за предизвиците и за последиците од победата, посебно во однос на субјективните аспекти на конфликтот, а оттука и во однос на можноста за продлабочување на негативните односи помеѓу конфликтните страни. Ова посебно се однесува на излезното решение: добива-губи.

Затоа, пристапите за справување со конфликтите мора да се разберат, анализираат, развиваат и имплементираат низ призмата на една широка и мултидисциплинарна перспектива, која овозможува понуда на апликативни и одржливи решенија, како за објективните, така и за субјективните аспекти и предизвици на овој план.

**БИБЛИОГРАФИЈА:**


- Георгиева, Л. (2007). Творење на мирот: мирот, безбедноста и конфликтите по Студената војна. Скопје: Филозофски факултет.
- Гоцевски, Т., Ортаковски, В., Георгиева, Л. (1999). Разрешување и трансформација на конфликтите. Куманово: Македонска ризница.
- Azar, E.E., Burton, W.J. (1986). International Conflict Resolution: Theory and Practice. Brighton, UK: Wheatsheaf Books Ltd.
- Ball, N. (2007). Financing Mechanisms for Post-Conflict Reconstruction. Hague: Netherlands Institute of International Relations.
- Banks, M. (1984). Conflict in World Society: A New Perspective on International Relations. Brighton, UK: Harvester Press.
- Barakat, S. (2005). After the Conflict: Reconstruction and Development in the Aftermath of War. London: IB Tauris.
- Boulding, K. (1962). Conflict and Defense: A General Theory. New York, Harper & Brothers (p.218)
- Braithwaite, J. (1989). Crime, Shame and Reintegration. Cambridge: Cambridge University Press.
- Breen, S.M. (2007). Truth Recovery and Justice: Managing violent pasts. New York: Routledge.
- Burton, J. (1969): Conflict and Communication. Macmillan Co. Ltd, London.
- Cairns, E., Michael, R. (2003). The Role of Memory in Ethnic Conflict. Basingstoke: Palgrave Macmillan.
- Darby, J., McGinty, T. (2000). The Management of Peace Processes. Basingstoke: Palgrave Macmillan.
- Edmead, F. (1991). Analysis and Prediction in International Mediation. New York: UNITAR.
- Farr, V. (2002). Gendering Demilitarization as a Peacebuilding Tool. Bonn: International Center for Conversion.
- Lederach, J.P. (2002). Building Peace: Sustainable Reconciliation in Divided Societies. Washington, DC: United States Institute of Peace.
- Mitchell, C.R. (1981). The Structure of International Conflict. London: Macmillan Press Ltd.
- Paris, R. (2004). At War's End: Building Peace after Civil Conflict. Cambridge: Cambridge University Press.

- Posen, B.R. (1993). The Security Dilemma and ethnic Conflict. In: M.E. Brown (eds.), Ethnic Conflict and International Security. Princeton: Princeton University Press.
- Scheff, T. (1997). Emotions, the Social Bond and Human Reality. Cambridge: Cambridge University Press.
- Stedman, S.J., Rothchild, D., Cousens, E. (2002). Ending Civil Wars: The Implementation of Peace Agreements. London: Lynne Rienner.
- Tutu, D. (1999). No Future without Forgiveness. New York: Doubleday.
- Zartman, I.W. (1999). Preventive Negotiation. Washington, DC: Rowman and Littlehead.